Во делот за *Нумизматичките работи*, авторот преку статистиката и наумизатичката евиденција на депоата од провинциите (Панонија и Мезија Супериор и Инфериор, Тракија, Далмација, Дакија, Македонија, Епир, Ахаја и Крит) ја анализира ситуацијата во споменатите провинции од аспект на монетарната политика, монетокова-њето (официјално и локално), дистрибуцијата и циркулацијата на парите, констатирајаќи дека повеќето од депоата од III-от век се резултат на варварските упади, ограбувања и освојувања.

Во последниот дел (*Економија*) се прави осврт и анализа на економската ситуација во империјалниот период - посебно во III-от век, во римските провинции на Балканот. Се анализира општата економска политика на Римската Држава, но и специфичностите на локалните економии. Се следат економските движења и промени во провинциите, потезите што ги влече државата на економски и монетарен план и нивното влијание и последици врз локалните економии. Дефинирајќи ја економската ситуација кај Балканските провинции во споменатиот период и неизбежната констатација за влошувањата на монетарните состојби и опаѓањето на римската економска моќ.

Зад погоре споменатите делови, следува делот со табели, односно преглед на депоа на монети од III-от век од Грција и Балканот, каде за прв пат, на едно место се собрани податоци за повеќето познати, публикувани и непубликувани депоа од споменатиот период.

Трудот на Туратсоглу е збогатен и со повеќе карти, табли со фотографии, детални статистички табели, кои, заедно со исцрпната библиографија, користена при создавањето на оваа студија, чинат едно полезно и неопходно дело како за поупатените истражувачи, така и за сите коишто се интересираат повеќе за настаните и процесите на Балканот во III-от век во истриски и во економски контекст.

*Перо Јосифовски*
Музеј на Македонија, Скопје

A. P. DAVID: *The Dance of the Muses: Choral Theory and Ancient Greek Poetics*, Oxford University Press, 2006, pp. viii + 284.

Оваа книга е плод на долгогодишните истражувања на авторот на хеленскиот метар, особено на дактилскиот хексаметар и дактилот како стапка, кој, покрај епската поезија, е присутен речиси во најголемиот дел од хеленската поезија. Дел од истражувањата на авторот се објавени и во *Жива Антика*.[1] Тој ги напушта стандардните сфаќања за поврзаноста на хеленскиот со метарот на ведските химни и делбата на периодите на основната метричка единица *cola*, и смета дека хеленските метри произлегле од танцови облици, мали единици од две или три стапки, што е всушност основното значење на она што античките автори го именувале како *pous* – 'стапка'. Епскиот облик го зема како основен, од кого се развиле останатите лирски облици.

[1] A. David, "On the Origin of the Trochaic Caesura and the Bucolic Diairesis," *Živa Antika* 51, 2001.

Во *првата глава*, насловена „Увод: правилна споредба", авторот ја објаснува својата појдовна точка – дактилскиот танц, за што сведочи и Хомер во *Одисејата*: Фемиј и Демодок ги пејат своите песни додека други играат (*Од.* 1. 150–155, 8. 256ss., 4. 17–19). Споредбеното истражување на аоjдите со јужнословенските епски пејачи во голема мера ја искривило сликата за хеленските епски пејачи. Песните на гусларите и десетерецот, метарот на јужнословенската епска поезија, немаат никаква врска со танци. Од друга страна сведоштвата во еповите упатуваат на кружен дактилски танц.[2] Единствено, А. Дејвид не ги користи како поткрепа на своите ставови и археолошките сведоштва од геометрискиот период, ликовните претстави на аоjди со форминга на земјени садови секогаш меѓу играорци, период кога и се смета дека се создавани Хомеровите епови.

Во *втората глава*, насловена како „*Khoreia* и музичките текстови", се анализираат сведоштвата на античките автори, особено Платоновата *khoreia* која означувала и танц и песна, единство на хармонија и ритам, и Аристотеловиот став дека елементите на метарот се стапките.

*Третата глава*, „Гласот на танцувачот: нова теорија за старогрчкиот акцент", заслужува особено внимание, во која е дадена нова теорија што се заснива на усогласување на висината на тонот и нагласокот во третата и шестата стапка на хексаметарот. Анализирајќи го хексаметарот, авторот ги истакнува местата во стихот каде иктусот во третата и шестата стапка добива нагласување и со акцентот на зборот, при што акцентот го намалува нагласувањето на иктусот на долгиот слог од дактилот. Вакво нагласување прават само акутот и грависот, означени како *barys* наспроти *oxys*, при што нагласокот и акцентот се поврзани со танцот.

Во *четвртата глава*, „Формата на хексаметарот: потеклото на кајсурата и диајресата", споредувајќи ги стапките на хексаметарот со современото грчко оро *syrtos*, авторот наоѓа многу сличности, особено што местото на кајсурата се поклопува со промената на ногата на играорецот. Кајсурата зад петтата полустапка го дели периодот на хексаметарот на два колона, полуепови (*hemiepes*), при што играорецот прави една долга и две куси стапки, а местата каде во хексаметарот се среќаваат кајсурите и диајресата означуваат промена од десна на лева нога при танцот.

*Петтата глава*, „'Хорскиот знак': обликување на хомерскиот говор", претставува обид да се поврзат хомерскиот јазик, песната и танцот од аспект на метарот и ритамот.

Во *шестата глава*, „Регрес, епизода и анагогија: кружниот танц и наративната форма", авторот се обидува да ги раздели претставите за аоjдите од рапсодите. Бидејќи со запишувањето на Хомеровите епови, умира усната традиција, така што со рапсодите кои ги рецитирале песните се изгубило сеќавањето на изведбата на аоjдите. Секако тоа е клучниот проблем кој авторот не можел да го избегне, за да може да ја потврди својата теорија, наведувајќи примери кои во претходните поглавја ги разработува од поинаков аспект.

*Седмата глава*, „Генеза на хомерската поезија (куса синтеза)", претставува своевиден заклучок со кусо набројување на клучните аргументи на

[2] Истите аргументи ги употребив и во мојата статија "Homer and the South-Slavic Epic Singers" (*Годишен зборник на филозофскиот факултет во Скопје* 59, 2006, 343–352), но со цел да укажам на разликите меѓу двете традиции, опасноста од изедначување и на оригиналноста на јужнословенската епика, тргнувајќи од музиколошки аспект.

авторот кои тој се обидува да ги имплементира во хеленската лирска поезија во последната *осма глава* насловена како „Лирска орхестра".

Главната идеја на А. П. Дејвид е дека хеленскиот стих настанал од танц. Иако неговите ставови се косат со многу авторитативни теории, стари и повеќе од еден век, сметам дека оваа книга заслужува сериозно внимание. Претходните истражувања на хеленскиот метар се базираа врз лингвистика, без да се земат предвид останатите аспекти, особено што хеленските поети всушност биле композитори: тие твореле песни (и музика и текст) наменети за одредена публика. Најголемиот проблем започнува со изедначувањето на аојдите со јужнословенските гуслари, кое несомнено влијаело на приодот кои го имале истражувачите кон хомерските песни. Ако на проблемот му се пристапи од повеќе аспекти, особено од музиколошки аспект, на истражувачите им се отвора една поинаков поглед врз хеленската поезија, при што тргнувајќи од танцот, А. П. Дејвид го преточил во нова теорија и научно дело. Кон книгата би го додал и веб-сајтот на авторот http://danceofthemuses.org/ каде се сместени видео и аудио снимки на делови од *Илијадата* и *Одисејата* рецитирини и играни според неговата теорија.

*Ра̄тко Дуев*
Филозофски факултет, Скопје